# ЈАВЕН ПОВИК ЗА ПРАКТИКАНТИ ВО МИНИСТЕРСТВО ЗА ТРУД И СОЦИЈАЛНА ПОЛИТИКА

Министерството за труд и социјална политика во соработка со ФИНКИ објавува јавен повик за практиканти – студенти на ФИНКИ од сите наставни години за периодот 01.07.2014 -31.08.2014.

Практичната работа студентите ке ја реализираат во установите за детска заштита (ЈОУДГ- Јавни Општински Установи Детски Градинки) и установите за социјална заштита (ЈУМЦСР) дисперзирани во градот Скопје и низ територијата на РМ, според местото на живеење на студентот.

Во текот на практичната работа, студентите-практиканти треба да:

- направат ажурирање на оперативните системи на компјутерите (Windows XP, Vista, 7, 8...) со последните закрпи;
- направат ажурирање/реинсталација на антивирусната приграма на компјутерите;
- направат ажурирање/реинсталација на веб прелистувачите (Google Chrome, Mozilla Firefox, Safari, Internet Explorer);
- инсталираат/реинсталираат секој периферен уред (печатач, скенер,...) што ќе биде потребно;
- пружат секојдневната поддршка на вработените во градинките и центрите за социјални рботи од гледна точка на Информатичко - Комуникациските технологии.

Имајќи ги во предвид видот, обемот и тежината на работните активности, на повикот може да се пријават сите заинтересирани студенти независно од студиската година.

Заинтересираните студенти, може да се пријават најдоцна до 27.06.2014 година на следната е-маил адреса: VDakic@mtsp.gov.mk, наведувајќи:

Име и Презиме
Контакт телефон (мобилен)
Е-маил адреса
Период во кој може да ја реализираат практичната работа (од –до)
Место (град) на живеење ___________ и место (град ) _________каде може да ја реализираат практичната работа .

Министерството за труд и социјална политика по направениот распоред на пријавените студенти-практиканти, ќе ги контактира студентите за реализацијата на практичната работа.